***З А П И С Н И К***
***од четврта седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 29.12.2021 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци на Советот на општина Демир Хисар во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Ивана Кочовска, Филип Ангелевски, Љупчо Најдовски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторoски.

Од општинската администрација имаше присуни претставници и тоа од Одделението за финансиски прашања Раководителот Влатко Станковски, Марина Поповска, од одделението за инспекциски надзор-инспекторат претставник Тони Петровски, Директорот на ЈКП „Комуналец“ Ацко Трајковски. На седницата присуство имаше најавено Мирјана Јанчевска од Демир Хисар.

Бидејќи Советот нема избрано претседател, согласно член 68 став 5 седницата ја свика и со неа раководеше најстариот член на Советот Љупчо Најдовски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Буџет на Општина Демир Хисар за 2022 година.
2. Донесување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година.
3. Донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година.
4. Донесување на Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2022 година.
5. Донесување на Одлука за времено финансирање на Општина Демир Хисар за 2021 година.
6. Донесување на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари-возила во сопственост на општина Демир хисар, на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ од Демир Хисар.
7. Донесување на Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на општина Демир Хисар за 2022 година.
8. Усвојување на деветмесечен извештај за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2021 година.
9. Давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за регулиран период 2022-2024 година.
10. Давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за регулиран период 2022-2024 година.
11. Усвојување на Програма за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2022 година
12. Донесување на Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2022 година.
13. Предлози и прашања.

Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски предложениот Дневен ред го стави на расправа. Потоа предложи дополнување на Дневниот ред на предлог на директорот на ЈКП „Комуналец“ Ацко Трајковски со три точки и тоа како 9. Давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за регулиран период 2022-2024 година, 10.Давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за регулиран период 2022-2024 година и 11.Усвојување на Програма за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2022 година. Директорот Трајковски објасни одлуките за цената на водата и за отпадните води се од регулаторна комисија беа усвоени од управен одбор сега се бара Советот да даде согласност за да може да се применуваат. Овие се за период од три години и програмата за работа за 2022 година беше изготвена и помината на управен одбор. За предлогот за дополнување на дневниот ред гласаа 6 „за“. Други предлози немаше. За Дневниот ред со дополнувањата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 1. Буџет на Општина Демир Хисар за 2022 година***

За Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година Градоначалникот Никола Најдовски објасни во прилог на буџетот има доставено објаснување во врска со планираните ставки на буџетот. Подетално објаснување за Буџетот имаше Раководителот Влатко Станковски. Во врска со Буџетот Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски истакна приходниот дел е во ред, тука нема забелешки во расходниот дел во програма А00 ставка 464 разни трансфери има планирани 500.000, понатаму ќе има предлози од кои ставки да се крати и сите средства ќе бидат ставени во оваа ставка. Овие средства кои ќе предложам да бидат во оваа ставка ќе се користат за храмот, после празниците ќе се состани работната група ќе го формираме Иницијативниот одбор, во ова тело треба да учествуваат луѓе кои сакаат да помагаат. Потоа пристапи кон предлагање по ставки. Во програма Д00 градоначалник ставка 413 тековни расходи планирани се 90.000 оваа ставка се крати на 50.000, а 40.000 се префрлаат на 464 во програма А00, потоа 420 патни расходи планирани се 90.000 се кратат 30.000 исто се префрла на ставка 464 програма А00, 423-материјали ситен инвентар планирано е 60.000 се крати 20.000 се префрла на ставка 464, ставка 425 договорни услуги планирано е 480.000 побара објаснување за што се овие средства. Претставникот Марина Поповска објасни има пресуда за пожарникарите 10 пожарникари со посебна пресуда 360.000 е фактурата, останатите средства мора да планираме за други застапувања. Советничката Сандра Пејковска додаде ако 360.000 се веќе доспени, остануваат само 120.000 за цела година не се многу пари мора да има планирани средства. Градоначалникот Никола Најдовски додаде овие 120.000 се малку средства за адвокатски услуги општината нема правник мора да се планира средства за застапување. Да се ангажира една адвокатска канцеларија за тековни работи потребни се средства, предходно се плаќало по 20.000 месечно за ваква услуга. Преседавачот Најдовски се согласи оваа ставка да остани исто како што е планирано. Потоа продолжи 426 други тековни расходи планирани се 600.000 овде доволно е 300.000 (12 месеци по 20.000 =240.000 и 60.000 непредвидени расходи) останатите 300.000 се префрла на 464 во програма А00. Потоа праша ставка 464-разни трансфери планирани 250.000 за што се наменети. Претставникот Марина Поповска објасни од оваа ставка се плаќа опремнина за одење во пензија, потребни се овие средства. Советничката Сандра Пејковска додаде тоа е со закон определено, а советничката Марина Димитријовска праша колку пензионирања се планирани. Претставникот Марина Поповска објасни во општината има двајца, но по општинските установи не знаеме колку има. Претседавачот Љупчо Најдовски потоа продолжи во програмата Е0 општинска администрација ставката плати предложи да се зголеми платата на вработените кои не се државни службеници за 5-10% со одлука на Совет, колку се вработени во техничката служба. Раководителот Влатко Станковски објасни 10 вработени се по законот за работни односи, тие земаат плата согласно правилникот за плата, нивните плати се усогласувани кога се зголемуваше бодот за административните службеници. Ако се направи зголемување само кај овие вработени ќе се направи голема разлика во платите ќе се случи некој од техничката служба да зема повеќе плата од административните службеници, кај нив секако се зголемува платата со растот на минималната плата. Сега помлад референт зема пониска плата од чистачката. Претседавачот Најдовски го повче предлогот ако има потреба во иднина ќе се корегираат платите. Потоа праша во ставка 421 комунални услуги за што се планирани. Раководителот Влатко Станковски објасни гориво, масло регистрација за возила тоа планирано минимално колку што навистина е потребно. Претседавачот Најдовски предложи на секој три месеци да се изготвува извештај за секое возило поединечно колку троши, да се издава патен налог со евиденција за километри. Градоначалникот Никола Најдовски објасни така работиме сите клучеви од возилата се во кабинетот, секое излегување на службено возило има патен налог. Советничката Сандра Пејковска додаде има правилник како се користат службени возила. Претседавачот Љупчо Најдовски потоа предложи ставка 423 материјали и ситен инвентар планирани се 420.000 да се скратат 70.000 да се наменат во ставка 464 во програма А0 доволно се 320.000 за ова ставка. Потоа праша за ставка 424 планирано е 700.000 поправки и тековно одржување. Претставникот Марина Поповска објасни 140.000 се потребни за

програмата за сметководство и даноци, тука се возилата треба и за нив. Претседавачот Најдовски продолжи ставка 425 договорни услуги планирани се 1.180.000 за што е планирано колку луѓе се агажирани. Претставникот Марина Поповска објасни овие средства се за договорни услуги во кварталниот извештај има наведено што се плаќа, не се за вработувања, се плаќаат по договор за извршени услуги кога се ангажира физичко лице не фирма. Потоа презентира од образложението за кварталниот извештај што се плаќало од оваа ставка. Советничката Сандра Пејковска додаде од оваа ставка се плаќа систематски преглед за вработените, тоа се некој работи кои се обврзани со закон да се спроведуваат исто и други услуги за извршување на физичка и интелектуална работа за потребите на општината. Претседавачот Љупчо Најдовски предложи на 425 планирано е 1.185.000 да се пренаменат 800.000 во ставка 464 А0 а да останат 380.000 доволно е. Потоа во ставка 426 други тековни раходи планирано е 750.000 за што се наменети. Раководителот Влатко Станковски објасни 720.000 треба да се плати членарина на пелагонискиот плански регион. Претседавачот Најдовски го повлече предлогот. Потоа праша ставка 464 разни трансфери 1.700.000 за што се наменети. Претставникот Марина Поповска објасни има обврски по судски, можи да има и други пресуди во текот на годината или некој барања кои неодат на Совет. Претседавачот Љупчо Најдовски предложи 200.000 да се префрлат на 464 А0 Совет овде да останат 1.500.000. Понатаму програмите веќе се донесени. Градоначалникот Никола Најдовски истакна забелешките се во ред, буџетот го изготвуваа службите многу професионално сработено имаат искуство. Во прилог на Буџетот одлучивме да ви доставиме објаснување и за вас е ова е прв пат да носите Буџет да биде се добро објаснето. Го поздрави предлогот за формирање на  Иницијативен одбор, во изборните програмите на сите политички партии е да се изгради храмот и желба е на сите и како градоначалник ќе ми биде задоволство да се започне и да направи во мандатот и по тоа прашање нема никаква дилема доколку има средства општината ќе помага. Колку што можев да видам од предлозите се крати од ставките каде се исплаќа надомест за починат член на семејство законско право на секој вработен. Дај боже да нема потреба од вакви исплати. Се крати од ставката за плаќање на мобилни телефони во општината има три службени мобилни телефони со претплатнички договор од 3.000 денари месечно или 35.000 годишно еден е кај секретарката за потребите на администрацијата, еден кај пожарната и еден кај градоначалникот. Јас имам свој мобилен телефон и немам потреба, но како службен мобилен телефон го имам така затекнав. Ставка репрезентации и мене кога не сум бил на оваа позиција секогаш овие ставки ми биле проблематични, немие целта да трошам по кафани ја намаливме оваа ставка за 100.000 помалку е од предходната година. Од тука се плаќаат поклони за фрлање крстот се практикувало тоа предходно нема да се прекини, поклони за дежурни за нова година и други некој слични настани кои се практикувале. Ако сите средства кои се предлагаат да се префрлат само на една ставка 464 програма А0 Совет на општина и се планираат да се наменат за изградба на храмот, а како стојат работите ова година има многу припремни работи кои треба да се направат за тоа, исто така со овие средства сигурно нема да можи да се изгради храмот, само ќе стојат заробени средствата во една ставка, а ќе има потешкотии во работата на општината, бидејќи има многу тековни работи кои треба да се реализираат. Ми е мило што ме предложивте да бидам активно вклучен во тој дел, но да ги започнеме работите постапно. Ве уверувам немам никаков проблем да побарате извештај колку средства сум потрошил за репрезентација, кога се планираше буџетот сите ставки се сведени на минимум, бидејќи има преземено обврски од предходно кои треба оваа година да се платат. Јас сум средствата да се насочат во изработка на проекти да се аплицира по огласи да се добијат средства за реализација на проекти од друго место општината не располага со таков буџет да можи сама да финансира проекти. Што ќе прават средствата во таа ставка, кога за храмот нема ни техничка документација, нема ни проект кога целата постапка треба да се започне од нула. Кога ќе дојди моментот да се прави проект тогаш Советот ќе насочи средства ќе се плати проектот. Сите средства по ставките се планирани на минимум, а со ваков предлог општината нема да може ништо да прави, средствата ќе стојат заробени и за храмот нема да можи ништо да се прави, бидејќи има предходно работа, затоа да одиме постапно чекор по чекор. Како ќе излегуваат

потребите такви активности ќе преземаме. На крајот ќе се види колку е потрошено и за што и можи да се спореди со која сакате година. Претседавачот Љупчо Најдовски за дискусијата на градоначалникот рече јас лично ќе те пофалам ако најрационално ги трошиш средствата од Буџетот, ако имаш контрола од Советот ќе бидеш успешен. Свесно предлагам да се стават парите на една ставка тоа не треба да ти смета дај боже донеси капитални проекти ќе ти ги зголемиме средствата. Како јас кога бев градоначалник работев без средства, се ми се кратеше, морав да се снаоѓам, со 900.000 ништо не можиш да направиш ако не успееш да донесиш од надвор средства. Со ваквиот предлог раскошот го кратиме, не кратиме во капитални. Градоначалникот Никола Најдовски додаде како искусен човек кој седел на функцијата градоначалник ги знајте проблемите сега истото сакате мене да ми го правите. Сите средства кои можат да се обезбедат кога ќе дојде време ќе ги насочиме во изградба на храмот, но не можи сите средства да се насочат само на една ставка за изградба на храмот. Да ги депонираме средствата само на една ставка, еве за салата течеше кровот ангажиравме да се санира тоа не било планирано, во Слепче има проблем со водоводот треба да се реши, има повеќе такви проблеми средства требаат за такви намени, не е само храмот. Затоа се планира изработка на проекти со нив да аплицираме да добиеме средства. Претседавачот Најдовски додаде сите да соработуваме сега јас имам можност да помогнам да добиеме проекти, ако се смени владата ти ќе имаш повеќе можност да добиеме проекти. Имаш средства да почниш да работиш ако има потреба Советот е тука ќе се пренаменат средства. Советничката Сандра Пејковска истакна предходно нема некој позначаен поголем проект, многу средства се трошеле за социјални намени, сега имаме 90% искористен буџет, со ваков начин на доделување еднократна парична помош само се растураат средствата и не добиваат многу, подобро да се насочат повеќе средства каде што навистина се потребни. Да насочат повеќе средства во изработка на проекти за да можи да се аплицира да се добиваат средства. Средствата кои се планираат за да се пренаменат за изградба на храмот се малку средства со нив неможи да се гради храмот, најмногу што можи е да се организираат состаноци со видни луѓе кои можат да дадат подршка и овие средства се потребни за промоција подршка, но неможи во буџетот да се определи ставка за изградба на храмот нема таква ставка, но можи да помага со контакти. Вака како што е планиран буџетот е во ред ако има можност ќе се пренаменат за храмот и за други барања, но со ваквиот предлог да се скратат ставките општината нема да можи да исплати никој други барања. Претседавачот Љупчо Најдовски предлогот кој беше предходно изнесен за пренамена на средства го стави на гласање. Пред да се гласа советничката Ивана Кочовска побар пауза. После паузата немаше дискусија. Предлогот за пренамена на средства по стави како што беше предходно изнесени на претседавачот Љупчо Најдовски беше ставен на гласање. За предлогот гласаа 1 „за“, 4 „против“ 5 „воздржани“. Предлогот не се прифати. Бидејќи други предлози немаше претседавачот Најдовски го стави Буџетот на гласање. За Буџетот гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“. Буџетот не се донесе. Советничката Сандра Пејковска предложи да се даде образложение зошто не се гласаше за Буџетот, ако нема забелешки да се изнесат. Претседавачот Љупчо Најдовски објасни дека не гласаше за Буџетот, бидејќи не беа прифатени предлозите. Советничката Марина Димитријовска објасни како советничка група на СДСМ не гласаа за Буџетот, бидејќи истиот не е поминат пред Комисијата за финансии и буџет, затоа гласаа воздржани. Раководителот Влатко Станковски објасни во ваков случај кога не се донесе Буџетот по останатите точки кои се поврзани со буџетот не се расправа, него се носи Одлука за времено финансирање. Градоначалникот Никола Најдовски истакна не сугерира на советниците како да гласаат секој како мисли така нека гласа, но како состав на советници сметал дека нема уште во првата година да се доведе во ваква состојба да не донеси буџет, а од сите нас заедно се очекува непречено функционирање на општината. Советот не го донесе Буџетот и никој не треба да очекува ништо во наредните три месеци, она што на сите ни беше како цел на самиот почеток неможиме да го реализираме. Ако сметате дека не треба да се донеси Буџетот нека не се носи, не треба да се каже дека некој дал предлог и не се прифатил предлогот затоа не се гласало, кажавме да се почни постапката, да се формира иницијативен одбор да се започнат активностите како ќе треба ќе се

одвојуваат средства, а вака да се заробат средствата во една ставка, а нема никаква постапка нема ништо започната. Наредните три месеци ќе бидеме на времено финансирање јавно ќе дадам објаснување зошто не се донесе Буџетот кој и зошто бил против. Ако главен проблем се средствата за храмот нека се започне со активности ќе се обезбедуваат средства. Што се однесува за тоа дека проблем било што не биле формирани комисиите, тоа не е работа на градоначалникот тоа е работа на Советот, ако не е моја работа иницирав средби ве поканив да се формираат комисии управни тоа не е работа на градоначалникот. Тоа е ваша работа ако не сакате да ги формирате, ако сакате да блокирате нека е така ама нека е јасно кажано. Претседавачот Најдовски рече јас имав предлози не се прифати предлогот тоа е моето образложение. Советничката Ивана Кочовска објасни за иницијативата за состанокот за комисиите не прифативме оти времето беше кратко, а не дека не се согласуваме да се состанеме. Градоначалникот Никола Најдовски додаде не е моја работа да ги формирам комисиите јас само дадов иницијатива да се формираат комисиите, мора да се формираат еве и просторија ви обезбедивме, ваша е оваа просторија. Така сме последна општина сега со ваквото постапување ќе потврдиме. Советникот Сашо Михјаловски истакна иницијативата за формирање на комисии е коректна и прифатлива, но денот кога се закажа не можевме да учествуваме. Сега донесовме одлука за времено финансирање од три месеци, но незначи дека ќе трае три месеци, можи веднаш по нова година да се донеси Буџетот. Градоначалникот Никола Најдовски додаде ако е само терминот проблем ќе се среди, но тоа не е причина да не се донеси Буџетот. Има многу барања кои чекаат да се разгледаат, треба поодговорно да се гледаат работите.

***ТОЧКА 2. Одлука за времено финансирање на Општина Демир Хисар за 2021 година***

По Одлуката за времено финансирање на Општина Демир Хисар за 2021 година, немаше дискусија. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 3. Одлука за давање на трајно користење на движни ствари-возила во сопственост на општина Демир хисар, на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ од Демир Хисар***

За Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари-возила во сопственост на општина Демир хисар, на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ од Демир Хисар објаснување имаше Раководителот Влатко Станковски. Советничката Сандра Пејковска предложи одлуката да се измени и наместо трајно да се дадат на времено користење, бидејќи општината ги отплаќа на рати. Ако се дадат со одлука за трајно користење тие ќе влезат како основни средства на претпријатието, затоа предложи да се измени на времено користење со цел да се заштити општината, од тужба која можи да настани ако се случи од било кој причини да се поремети нивниот финансиски план. Раководителот Влатко Станковски објасни јавното претпријатие е формирано од Советот, Советот можи да му даде ствари и Советот може да ги одземе. Диекторот Ацко Трајковски додаде јавните претпријатија се основани од општината и целокупниот капитал е од општината исто е со ЈКП Комуналец исто е и со ЈП Дехи транс. Тие се основани со 100 % општински капитал. Советничката Сандра Пејковска објасни намерата ми беше само заради заштита на општината од несакани ситуации. Градоначалникот Никола Најдовски додаде сега веќе се комплетира јавното претпријатие можи да функционира самостојно да врши наплата е во сопственост на општината си прават свој финансиски план. Претседавачот Љупчо Најдовски истакна јавните претпријатија се целосно општински во секој момент со одлука на Совет можи да му се одземат возилата затоа смета дека одлуката е во ред. Потоа предлогот на советничката Сандра Пејковска го стави на гласање. За предлогот гласаа 5 „за“ 1 „против“ 5 „воздржани“ предлогот не се прифати. Други предлози немаше. За дискусија никој не се јави. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 4. Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на општина Демир Хисар за 2022 година***

За Програмата за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на општина Демир Хисар за 2022 година воведно излагање имаше претставникот Тони Петровски. Во врска со програмата Претседавачот Љупчо Најдовски и даде збор на присутна на седницата како граѓанин Мирјана Јанчевска, која упати пофалба за начинот на кој се третираат кучињата согласно програмата

и дава резултат тоа. Како љубител на животните секогаш на прво место е заштитата на луѓето, потоа на животните откако се спроведува програмата нема пријава за лица нападнати од кучиња скитници, но проблем се кучињата кои имаат сопственици кои ниту се чипирани ниту прибрани, и неконтролирано се испушта леглото на тие кучиња. Кучињата кои се третирани не се опасни и нема хајка на парење, тоа е добрата страна, но повеќе треба да се направи со контролите на кучињата кои имаат сопстевници и тука треба да се казнува, и да се посвети повеќе внимани на едукација. Исто така даде предлог да се заверува секоја пријава, бидејќи има доста лажни пријави. Потоа упати пофални зборови до Директорот на Психијатриската болница, бидејќи помогна да се изврши стерилизација на кучиња кои се движеа во кругот на болницата. Исто така предложи да се направат куќари за кучиња скитници тие можат да се направат без пари со донации. Претставникот Тони Петровски објасни согласно програмата се практикува едикација и тоа повеќе кај помладата популација во училиштата, имаме фирма избрана на тендер за спроведување на програмата Ветеринарната служба Зебра добро соработуваме. Советничката Ивана Кочовска праша за закоп на угинати животни кој е надлежен, бидејќи истото го има и во друга програма. Претставникот Тони Петровски објасни договорот е меѓу ЈКП Комуналец и Ветеринарната станица за соработка за закоп на кучиња скитници кои се успиваат, а додека општината плаќа кога ќе има угинато животно, а комуналното ги собира и закопува. Претседавачот Најдовски објасни од изнесените дискусии добро ја разбравме проблематиката, предлозите се во ред да се имплементираат. Советникот Сашо Михајловски упати забелешка заловените кучиња се враќаат на местото каде предходно биле заловени, дали можи да се вратат на друга локација. Претставникот Тони Петровски објасни тие се кучиња скитници по третирањето се враќаат на истата локација согласно законот така треба да постапуваме, за казнување на несовенси сопственици тоа е надлежност на полицијата. Дискусијата беше исцрпена. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.
Претседавачот Љупчо Најдовски даде пауза.

***ТОЧКА 7. Деветмесечен извештај за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2021 година***

За деветмесечниот извештај за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше директорот Ацко Трајковски. Советничката Александра Трајковска праша дали е реално прикажана сликата побарувања обврски. Директорот Трајковски одговори прикажана е состојбата како што е реално. Советничката Сандра Пејковска забележа во точка 5 во приходниот дел има прикажано приходи од јавна чистота, а во расходниот дел никаде не стои во расход колку средства се префрлени на општината. Ако стојат овие средства во приход мора да се прикажани во расход. Директорот Ацко Трајковски објасни средствата од јавна чистота се наплаќаат со сметките претпријатието ги прибира и треба да ги префрла на сметките на општината, а потоа по извршени работи и фактурира на општината. Формата на прикажување на извештајот е таа, и по направената консултација со службите немаше објаснување зошто во раходниот дел не се прикажани овие средства. Советничката Сандра Пејковска предложи одложување на точката за наредна седница со цел да има објаснување зошто не се прикажани во расходниот дел овие средства. Советничката Марина Димитријовска додаде и други приходи не се прикажани во расходниот дел. Претседавачот Љупчо Најдовски додаде овде нема сомнеж ова е извадено од книговодтсво. Потоа предлогот од советничката Сандра Пејковска го стави на гласање. За предлогот да се одложи точката гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ предлогот не помина. Расправата по точката продолжи. Директорот Ацко Трајковски објасни во приходниот дел се прикажани фактурирани побараувања, а дали се сите наплатени нема податок. Советничката Сандра Пејковска истакна не сум задоволна од објаснувањето, смета дека извештајот не е добро направен и треба да се прикажани во расходниот дел и овие средства. Средствата мора да се прикажани во расходниот дел. Советникот Сашо Михајловски објасни тие во книговодство така ги книжат во приходниот дел е прикажано фактурираното, мора да се прикажат и во расходниот дел, исто и забелешката е во иднина да се заштитиме себеси. Директорот Трајковски дополнително објасни средствата од јавна чистота се прикажани во приход според фактурирано, не се прикажани во расходи, а на 220 одат во обврски према општината. Советничката Сандра

Пејковска не беше задоволна од одговорот, бидејќи од излагањето беше кажано дека е обврска према општината, а во извештајот никаде не стои прикажано како податок. Поради тоа рече дека ќе биде воздржана. Советникот Сашо Михајловски појасни како ги наплаќа сметките така ги уплаќаат на општината. Бидејќи дискусијата беше исцрпена Претседавачот извештајот го стави на гласање со забелешка да се прикажуваат и во расходниот дел приходите од јавна чистота, колку средства се враќаат на општината. За извештајот гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 9. Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за регулиран период 2022-2024 година***

За Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за регулиран период 2022-2024 година објаснување имаше директорот Ацко Трајковски. Во врска со предложените цени Директорот Трајковски објасни не сум задоволен со оглед на енергетска криза цените на водата остануваат исти тоа значи тежот териоd за претпријатиетo, но одлуката ја носи Регулаторна комисија мора да се почитува. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 10. Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за регулиран период 2022-2024 година***

За Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за регулиран период 2022-2024 година објаснување имаше директорот Ацко Трајковски со напомена образложението е исто и за оваа одлука. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 11. Програма за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2022 година***

За Програмата за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше директорот на ЈКП „Комуналец“ Ацко Трајковски. Советничката Сандра Пејковска забележа програмата да се одложи за наредна седница, бидејќи истата е доставена пред самата седница и советниците немаа можност да ја разгледаат. Програмата бара повеќе време да се разгледа за да може да се расправа и да се донесе одлука. Претседавачот Љупчо Најдовски се согласи со забелешката на советничката Пејковска, треба време да се разгледа програмата и да се донесе разумно решение. Потоа праша дали има проект за изработка на пречистителна станица. Директорот Трајковски објасни ние сме мала општина никој не сака да влези во инвестиција тоа се многу пари. Советничката Сандра Пејковска предложи да се одложи за наредна седница програмата, истата на управен одбор е донесена на 28.12.2021 пред самата седница. Многу касно е доставена пред советниците немаше време да се разгледа. Со предлогот се согласи и советникот Валентин Несторoски да се одложи програмата за наредна седница. Советниците се согласија програмата да се разгледува на наредна седница.

***ТОЧКА 12. Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2022 година***

Програмата  за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2022 година беше донесена од Комисијата за изготвување на програма за работа на Советот. Советникот Валентин Несторoски предложи во програмата да се дополни Ребаланс на Буџетот за 2022 година, бидејќи стои само еднаш, а со оглед на фактот што ребаланс се носи два пати во годината треба да стои  во програмата два пати еднаш првата половина од годната и еднаш втората половина од годината. Други предлози немаше. За донесување на програмата со дополнувањето гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 13. Предлози и прашања***

По оваа точка немаше дискусија. Дневниот ред беше исцрпен. Претседавачот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 193/4<br>24.02.2022 година<br>Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>Претседавач,<br>Љупчо Најдовски с.р.